## 3.2. Надворешен долг[9]

*Намалување на надворешниот долг од 32,0 милиони САД долари*

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити во август 2003 година се намали за 32,0 милиони САД долари и на 31.08.2003 изнесуваше 1.593,4 милиони САД долари. Намалувањето на надворешниот долг главно се должи на апресијацијата на американскиот долар во однос на еврото односно остварените негативни курсни разлики[10] (27,6 милиони САД долари), како и на поголемите отплати во однос на користените средства.

Во текот на август беа повлечени средства по склучени кредити во износ од 7,9 милиони САД долари. Притоа, од официјалните кредитори се повлечени 4,3 милиони САД долари, и тоа од мултилатералните кредитори Светската Банка (IBRD), Европската банка за обнова и развој (EBRD) и Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (IFAD), и од билатералните кредитори (кредитна линија од Италија). Значителен дел од користените средства (3,6 милиони САД долари) потекнуваат од приватните кредитори, и тоа во најголем дел банки и финансиски институции.

*Во август отплатите кон странство го надминаа износот на повлечените средства*

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во август 2003 година изнесуваа 12,2 милиони САД долари. Од нив, отплатите врз основа на главница изнесуваат 9,9 милиони САД долари, а врз основа на камата беа отплатени 2,3 милиони САД долари. Притоа, отплатите кон официјалните кредитори изнесуваа 9,4 милиони САД долари, додека отплатите кон приватните кредитори изнесуваа 2,8 милиони САД долари.

Во текот на август 2003 беа склучени нови кредити со странските кредитори во износ од 2,7 милиони САД долари, и тоа во целост со приватни банки и финансиски институции.

Графикон 24
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




[9] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.
[10] Негативните курсни разлики делуваат во насока на намалување на надворешниот долг.

Анализирано кумулативно, во периодот јануари-август 2003 година, вкупниот износ на платени обврски кон странските кредитори (148,1 милион САД долари) го надмина износот на користени кредити (128,1 милион САД долари).